Друштво за сервисни услуги ФРЕШ КЛИНИНГ И СЕРВИС ДООЕЛ Дебар
Ул: 8ми Септември бр 25 Дебар, моб:+38975 277 774
емаил: contact@cleaningservisefresh.com

# ПРАВИЛНИК
## за барање и доставување на увид во документи

### Член 1

На барање на секој сопственик на посебен дел, но не повеќе од еднаш месечно, управителот е должен да му овозможи увид во договорот склучен со трети лица за извршување на работи поврзани со функционирање и одржување на станбената зграда, во сметководствените исправи што се однесуваат на договорот, деловни односи на управителот со трети лица и на состојбата на резервниот фонд на станбената зграда.

### Член 2

Сопственик на посебен дел своето барање за увид во документи го поднесува лично со предходно пополнет формулар „Барање за увид во документи“ изготвен од страна на **„ФРЕШ КЛИНИНГ СЕРВИС“.**

### Член 3

Барања за увид во документи поднесени по телефон, усмено преку представници на зградата или на лично изготвен документ од страна на сопственик на посебен дел не се сметаат за валидни и истите не се основ за барање на увид во документи.

### Член 4

Увид во документи подразбира Увид во копии. Во никој случај на увид не се приложуваат оргиналите. Копиите од документи се сопственост на „Проект 42“ и истите по завршениот увид од страна на сопственикот на посебен дел задолжително се архивираат во регистарот на зградата.

**Член 5**

Издавање копии од документи поврзани со управување со зрадата на сопственикот на посебен дел се врши исклучиво по писмено одобрување од управителот. Трошокот за издавање на документи од ставот (1) на овој член не се смета за трошок на вршење на управувачки услуги и истиот е предмет на наплата согласно официјалниот тарифник на „**„ФРЕШ КЛИНИНГ СЕРВИС“.** “.

**Член 6**

Доколку вработениот во „**„ФРЕШ КЛИНИНГ СЕРВИС“.** “ во моментот на поднесување на барањето за увид е во можност истите да му ги приложи на сопственикот, тоа го прави без одлагање, во спротивно на клиентот му се закажува термин за увид во документи кој не смее да биде подолг од три работни дена од денот на поднесување на барањето.

**Член 7**

Доколку сопственикот на посебен дел кој поднесува барање за увид во документи има предходно поднесено барање во рок пократок од 30 дена, истото се смета за невалидно и сопственикот се упатува истото да го поднесе по истекот на 30 дена од денот на предходното поднесено барање.

**Напомена:** Доколку побараните податоци за кои станбениот управител е должен да овозможи увид или да издаде препис содржат лични податоци за корисниците, клиенти или трети лица, потребно е пополнување на посебно Барање за информации од Субјект во кој ќе биде содржан правниот основ за барање на лични податоци.